МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Број 2 Година XI

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА КАРПОШ

СКОПЈЕ

*ул.Радика бр.9 бараки бр.1 и бр.2 тел. 02/3055 -903, факс: 02/3062-925*
***www.karpos.gov.mk; sovet@karpos.gov.mk***

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 05, опфат помеѓу бул. Илинден, бул. 8-ми Септември, бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Блок 1, Блок 5 и Блок 8, Општина Карпош - Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 05, опфат помеѓу бул.Илинден, бул.8-ми Септември, бул.Партизански одреди и ул.Љубљанска, Блок 1, Блок 5 и Блок 8, Општина Карпош-Скопје, донесена на четириесет и четврттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 јануари 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-138/1**
**Датум: 08.01.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Советот на Општина Карпош, на четириесет и четврттата седница одржана на 05 јануари 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 05, опфат помеѓу бул. Илинден, бул. 8-ми Септември, бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Блок 1, Блок 5 и Блок 8, Општина Карпош - Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт З 05, помеѓу бул. Илинден, бул. 8-ми Септември, бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Блок 1, Блок 5 и Блок 8, Општина Карпош - Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- **од Исток:** По осовина на бул. 8-ми Септември, продолжува по осовина на ул. Никола Русински и осовина на ул. Бледски договор;
- **од Југ**: По осовина на бул. Партизански одреди;
- **од Запад**: По осовина на ул. Љубљанска;
- **од Север**: По осовина на бул. Илинден, продолжува по осовина на ул. Манапо, осовина на ул. Никола Русински и осовина на ул. Бледски договор (Париска).

Површината на урбаниот опфат изнесува П= 32,73 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени згради, мали комерцијални и деловни намени, големи трговски единици, деловни простори, хотелски комплекси, здравство и социјална заштита, култура, државни институции, верски објекти, комунална супраструктура, парковско зеленило, заштитно зеленило, спорт и рекреација.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А2– домување во станбени згради
- Б1 - мали комерцијални и деловни намени
- Б2 - големи трговски единици
- Б4 - деловни простори
- Б5 - хотелски комплекси
- В2 -здравство и социјална заштита
- В3 - култура
- В4- државни институции
- В5- верски објекти
- Е2 – комунална супраструктура
- Д1 – парковско зеленило
- Д2 – заштитно зеленило
- Д3- спорт и рекреација

Максималната висина за градежните парцели наменети за домување во станбени згради се движи од П+3+Пк (13.20 м) до П+15+Пк (60.00 м)
Максималната висина на градежната парцела наменета за мали комерцијални и деловни намени изнесува П+2+ Пк (10.40м)
Максималната висина за градежните парцели наменети за големи трговски единици се движи од П+2 (22.5м) до П+8 (30.60м)
Максималната висина на градежната парцела наменета за деловни простори изнесува П+6 (28.00м)
Максималната висина на градежната парцела наменета за хотелски комплекси за изнесува П+4+Пк (19.50)
Максималната висина за градежните парцели наменети за здравство и социјална заштита изнесува П+5 (24.00 м)
Максималната висина на градежната парцела наменета за култура изнесува П+2 (12.00 м)
Максималната висина за градежната парцела наменета за државни институции изнесува П+8 (30.60 м)

Со планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/

- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
-намена на објектот,

-
максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,

- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош.

**Број: 09-89/2**
**Датум: 05.01.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 06 опфат помеѓу бул.”Партизански Одреди”, ул. “Московска”, бул. ”Македонија” и бул. “8-ми Септември”, Општина Карпош-Скопје**

1. Се објавува Одлуката за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, опфат помеѓу бул.”Партизански Одреди”, ул. “Московска”, бул. ”Македонија” и бул. “8-ми Септември”, Општина Карпош-Скопје, донесена на четириесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 јануари 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-138/2**
**Датум: 08.01.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002) и член 26, став 4, алинеја 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија“ бр.51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14), Советот на Општина Карпош, на четириесет и четврттата седница, одржана на 05 јануари 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 06 опфат помеѓу бул.”Партизански Одреди”, ул. “Московска”, бул. ”Македонија” и бул. “8-ми Септември”, Општина Карпош-Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се донесува Детален урбанистички план за Градска четврт З 06 опфат помеѓу бул.”Партизански Одреди”, ул. “Московска”, бул. ”Македонија” и бул. “8-ми Септември”, Општина Карпош-Скопје. Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се донесува Деталениот урбанистички план е дефиниран помеѓу;

- **На север** оската на бул. .”Партизански Одреди”,
- **На запад** оската на ул. “Московска”.
- **На југ** оската на бул. ”Македонија”.
- **На исток** по оската на бул. “8-ми Септември”.

Површината на урбаниот опфат изнесува П= 75,86 ха.

**Член 3**

Опфатот на Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи, домување во станбени згради, групно домување деловни простори, големи трговски единици, деловни простори, хотели, образование и наука, здравство и социјална заштита, култура, државни институции, комунална супраструктура, некомпатибилна инфраструктура, парковско зеленило, заштитно зеленило, спорт и рекреација.

Во рамките на планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

- А1 – домување во станбени куќи
- А2– домување во станбени згради
- А3 – групно домување
- Б2-големи трговски единици
- Б4 - деловни простори
- Б5 - хотели
- В1 – образование и наука
- В2 -здравство и социјална заштита
- В3-култура
- В4- државни институции
- Е2 – комунална супраструктура
- Е3 – некомпатибилна инфраструктура
- Д1 – парковско зеленило
- Д2 – заштитно зеленило
- Д3- спорт и рекреација

Максималната висина за градежните парцели наменети за домување во станбени куќи изнесува П+2+ПК (10.20м)
Максималната висина за градежните парцели наменети за домување во станбени згради се движи од П+3+Пк (13.20 м) до П+10+Пк (35.70 м), 80.0 м
Максималната висина на градежната парцела со намена групно домување се движи од П до П+14
Максималната висина за градежните парцели наменети за големи трговски единици се движи од П+2 (12.00 м) до 105 м
Максималната висина за градежната парцела наменети за деловни простори изнесува П+1+Пк
Максималната висина за градежните парцели наменети за образование и наука големи трговски единици се движи од П+2 (12.00 м) до П+4 (20.00 м)
Максималната висина на градежната парцела наменета за здравство и социјална заштита изнесува П+2 (12.00 м)
Максималната висина за градежната парцела наменета за култура изнесува П+4 (19.50 м)
Максималната висина за градежната парцела наменета за државни институции се движи од П+1 до П+7.

Со планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објектот /м2/,

-

коефициент на искористеност /К/,

-намена на објектот,

-максимална висина на објектот / до завршниот венец / од ниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,

- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

**Член 4**

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел ,
- Графички прилози
- Основни параметри за уредување на просторот о
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Деталниот урбанистички план се заверува со печат на Општина Карпош и потпис на Претседателот на Советот на Општината.

**Член 6**

Деталниот урбанистичкиот план со сите негови делови се чува во Одделението за урбанистичко планирање на Општина Карпош.

**Член 7**

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош.

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**Број: 09-89/3**
**Датум: 05.01.2016 година**
**Скопје**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Извештајот**
**за активностите на секторот инспекторат на Општина Карпош за 2015 година**

1. Се објавува Извештајот за активностите на секторот инспекторат на Општина Карпош за 2015 година, донесен на четириесет и четврттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 јануари 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-138/3**
**Датум: 08.01.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), Советот на Општината Карпош, на четириесет и четвrттата седница, одржана на 05 јануари 2016 година, донесе

**ИЗВЕШТАЈ**
**за активностите на секторот инспекторат на Општина Карпош за 2015 година**

Согласно законските и други прописи, како и процедурата за работа во секторот по ИСО стандардот, се вршени анализи и мерења за работните активности во секторот.
Работните активности во секторот се прецизирани во донесената од страна на градоначалникот на Општина Карпош Годишна програма за 2015 одина.
Во врска со извршувањето на инспекциските работи и реализацијата на годишната програма од надлежност на Општина Карпош, се изготвува **Годишен извештај**..
Со вработените во Секторот во секојдневна координација - колегиуми како и со, се основа на законските работни активности
Овој извештај како процедура за работа во Секторот инспекторат изготвен е од повеќе анализи и мерења во текот на целата година со поставените стратегиски цели, поединечно за секој инспектор и заеднички за комуналните редари.
Секторот инспекторат при Општина Карпош во својот состав има **три** одделенија, кои покриваат шест различни области и тоа:

1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКА И ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА
2. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА
3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИТЕ ОД ДРУГИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА

Поради различните области и надлежности кои се опфатени во Секторот инспекторат, овој извештај се изготвува по одделенија, поточно поединечно за секој овластен инспектор, а заеднички е извештајот за комуналните редари.
Во предвид се земени и сите изменувања и дополнувања на законските и подзаконските акти, како и евентуални нови надлежности за секој инспектор поединечно
За спроведување на работните активности согласно надлежностите во секторот, се предвидени финансиски средства во Буџетот на Општина Карпош за 2015 година.

1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИСТИЧКА И ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА

1.1

## ГРАДЕЖНА ИНСПЕКЦИЈА

Од спроведувањето на Годишната програма и месечните планови за тековната 2015 година се произлезени активностите на овластениот градежен инспектор за вршење на инспекциски надзор над примената на Законот за градење.
Овластениот градежен инспектор, вршеше инспекциски надзор над градбите од **втора** категорија во тековната година, како и административно извршување на донесените акти согласно закон.
Реализацијата на програмата ќе и овозможи на општината, систематизирано спроведување на Законот за градење и Законот за инспекциски надзир, како и информираност и едуцирање на граѓаните за нивните обврски од законските норми и придобивките кои ќе ги имаат на долг рок од тоа.

| **Овластен градежен инспектор** | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | ***Донесени акти*** | **Број на акти** |
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Записник за констатација (редовен и контролен) | **85** |
| 2. | Решение за прекинување на градба | **2** |
| 3. | Решение за отстранување на градба | **16** |
| 4. | Заклучок за дозвола на извршување | **11** |
| 5. | Заклучок за прекинување на постапка | **64** |
| 6. | Извршени предмети | **13** |

## 2.ОДДЕЛЕНИЕ ЗА КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА

### 2.1 КОМУНАЛНА ИНСПЕКЦИЈА

Работната активност на овластениот комунален инспектор кое ги извршуваше работите со примена на Закон за јавна чистота и Закон за комунални дејности, за тековната година се состоеше во спроведувањето на Годишната програма за 2015 година и месечните планови за вршење на инспекциските надзори.

Овластениот комунален инспектор во координација со комуналните редари ја контролираше целата територија на Општина Карпош. За период на 2015 година подигнати се околу 95 возила кои биле паркирани на јавна површина –зеленило.

На предлог од комуналниот редар за сторен прекршок за кој не е платена глобата или е извршена општокорисна работа, преку инспекторот се поднесува барање за поведување на прекршочна постапка пред Комисијата за одлучување по прекршоци во Министерството за транспорт и врски.

Од вкупно направените увиди со Записник за извршен инспекциски надзор за констатираните неправилности од страна на овластениот комунален инспектор спроведени се едукациии на странките.

Активностите на овластениот комунален инспектор прикажани табеларно во подолу наведената табела:

| **Овластен комунален инспектор** | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Примени писмени барања/Претставки од физички и од правни лица | 19 |
| 2. | Известувања по барања /пријави | 15 |
| 3. | Поднесени барања до Комисијата за одлучување по прекршоци ( мандатни казни од комунални редари) | 58 |
| 4. | Записник за извршен инспекциски надзор | 13 |
| 5. | Заклучок | 16 |

## 2.2 ИНСПЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Спроведувањето на активностите на овластениот инспектор за животна средина во општина Карпош во делот на животната средина се основа на донесената Програма, годишниот и месечните оперативни планови во согласност со законската регулатива.

Надлежностите на инспекторот беа во решавање на повеќе постапки во вршење контрола на правни субјекти, објекти на физички лица, како и контрола на правни субјекти кои согласно со Уредбата за дејности и активности за кои задолжително се изработуваат елаборати, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината, Градоначалникот на Град Скопје и Градоначалникот на општините во градот Скопје.

Исто така, во согласност со позитивната законска регулатива овластениот инспектор за животна средина изработи план, програма и извештаи за работата и истите се доставуваат до Министерството за животна средина и просторно планирање (МЖСПП), а годишниот извештај до советот на општината.

Овластениот инспектор за животна средина на Општина Карпош е овластен да врши инспекциски надзор над правни и физички лица, како и над инсталациите, објектите и на средства и опрема за вршење на дејности и активности на правните субјекти.

Како
надлежни активности се :

- Контрола на документацијата која ја поседува правниот субјект;
- Контрола на суровини, материјали и енергии произведени или употребени од страна на правниот субјект;
- Утврдување на податоци за емисии во почва, површински води, атмосферата, податоци за бучава и вибрации, како и податоци за неопасен отпад во координација со акредитирана лабораторија за животна средина;
- Утврдување дали правниот субјект во соглсност со дејноста која ја врши подлежи на изработување на елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на Општината, Градоначалникот на Град Скопје и Градоначалникот на општините во градот Скопје;
- Мониторинг или следење на степенот на загаденоста на амбиенталниот воздух на територија на општина Карпош и преземање соодветни мерки;
- Врз основа на иницијатива или барање – пријава поднесена од државни органи, физички или правни лица, а каде што се наведува дека има индиции за зголемено ниво на бучава или загадување на амбиенталниот воздух, водата, почвата и сл. овластениот инспектор за животна средина повикува акредитирана лабораторија за вршење на испитување на нивото на бучава, како и нивото на загадување на амбиенталниот воздух и во најкраток рок да достави технички извештај за извршеното мерење до овластениот инспектор за животна средина;

Извештајот за реализација на Годишната програма за работа на овластениот инспектор за животна средина на Општина Карпош е изработен согласно со методологијата утврдена за изготвување на Годишната програма, со конкретно презентирани податоци, дадени во табелата:

| **Овластен инспектор за животна средина** | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Записник за извршен инспекциски надзор | 51 |
| 2. | Записник за извршен контролен инспекциски надзор | 8 |
| 3. | Донесени Решенија | 30 |
| 4. | Записник за порамнување/платен налог | 1 |
| 5. | Барања од граѓани/одговори | 14 |
| 6. | Донесени Заклучоци | 37 |

Посебно сакаме да истакнеме дека во текот на месец Ноември и Декември поради драсичното зголемување на загадувањето на воздухот со присуство на ( ПМ 10 честичките ) од страна на овластениот инспектор за животна средина изврши засилена контрола на сите потенцијални загадувачи автомеханичарски работилници, автоперални и сл. кои се во наша надлежност како и правни субјекти за чија дејност задолжително се изработува Елаборат за заштита на животната средина, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината, Градоначалникот на град Скопје и Градоначалникот на општините во градот Скопје.
Во текот на месец Ноември во заедничка соработка со Полициска станица Карпош-Скопје се спроведе акција на локацијата спроти СЦ „Борис Трајковски”-Скопје за расчистување на ромското население кои беа населени и се загреваа со секаков вид на отпад ( пластика, хартија и сл.)

## 2.3 ИНСПЕКЦИЈА ЗА ДОМУВАЊЕ

Општина Карпош за овој период , за работните активности за спроведување на Годишната програма во инспекцискиот надзорот за домување, има **овластено лице** кое ги извршуваше работите со примена на Закон за домување, почитувајќи ги пропишаните норми и стандарди за домување и дали се уредени закупничките односи во согласност со истиот закон.

Овластениот инспектор за домување врши инспекциски надзор над:

- Станбени;
- станбено-деловни и
- деловно-станбени згради

Во Извештајот се содржани барањата од граѓаните доставени до Општина Карпош, кои се однесуваат од заедници на сопственици и од индивидуални лица (станари), а кои се однесуваат на проблематиката сврзана со функционирањето на Законот за домување.

| **Овластен инспектор за домување** | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1 | 2 | 3 |
| 1. | Писмени барања /пријави од граѓани, од заедница на станари и институции | 8 |
| 2. | Известувања (одговори) по барања /пријави | 8 |
| 3. | Претставки од граѓани и институции | / |

| | | |
|---|---|---|
| 4. | Примени Известувања од заедница на сопственици | / |

## 2.4 КОМУНАЛНИ РЕДАРИ

Работните активности на општинските комунални редари во текот на 2015 година се засноваат врз спроведување на Годишната програма и месечните планови, во вршење на контрола на територијата на целата општина.

Реализацијата на оваа програма, е работењето на комуналните редари во превземањето на мерки за спроведување на законските и подзаконските акти од областа на јавната чистота, сè со цел подобрување на условите за живот на граѓаните на општина Карпош.

Контролата на одржувањето на чистота на јавните површини во согласност со Законот за јавната чистота ја вршат комуналните редари во 13 урбани заединци и една месна заедница, на територијата на Општина Карпош.

Постапувајќи по Законот за јавната чистота, комуналните редари на Општина Карпош ги спроведоа следните активности дадени во табелата:

| Комунални редари | | | | |
|---|---|---|---|---|
| ред. број | Опис | Записник за порамнување за | Покана за плаќање | Записник за упатување за |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 |
| **Член 14** | | | | |
| 1. | фрлање и оставање на хартија, опушоци, мастики, амбалажи, земја, отпадоци од растенија, песок и други отпадоци освен на местата определени за таа намена. | 91 | 91 | 91 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 2. | оставање на стари предмети од домаќинство и смет од вршење на дејности покрај садовите за собирање на смет, освен на места определени од општината | 20 | 20 | 20 |
| 3. | оставање на фекални остатоци од домашни миленици и мртви животни, живина и птици во садови за отпад,освен за места определени за таа намена | 23 | 23 | 23 |
| 4. | испуштање на отпадни води и други течности од дворните места и објекти | 3 | 3 | 3 |
| 5. | Сечење складирање , цепење на дрва , јаглен и слично , освен за места одредени за таа намена | 1 | 1 | 1 |
| 6. | Продажба и излагање на земјоделски и индустриски производи освен освен за места определени за таа намена | 2 | 2 | 2 |
| 7. | поставување на урбана опрема и други подвижни и неподвижни предмети | 65 | 65 | 65 |
| 8. | мешање на бетон, малтер, освен на места што ќе ги определи општината | 20 | 20 | 20 |
| 9. | фрлање, односно оставање на смет до контејнер и други видови на садови за собирање на смет | 4 | 4 | 4 |
| **ред. број** | Опис | Записник за порамнување за | Покана за плаќање | Записник за упатување за |

**Член 14а**

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 1. | фрлање и оставање на отпадоци од градежен материјал (градежен шут) | 2 | 2 | 2 |
| 2. | превоз на песок, земја, цемент, глина, земјоделско ѓубре, отпад или слични материјали без претходна подготовка и поклопување на материјалите со поклопец | 5 | 5 | 5 |
| 3. | вклучување во сообраќај на моторни, влечни и запрежни возила од стоваришта или градилишта со валкани тркала | 2 | 2 | 2 |
| 4. | Уништување на урбана и друга опрема ( клупи , фонтани , билборди , опрема на детски игралишта ) | 1 | 1 | 1 |

| **Комунални редари** | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| 1. | Поднесени Записници за констатација *(Мандатни казни)* | 240 |
| 2. | Поднесени барања до Комисијата за прекршочни пријави | 73 |
| 3. | Потврда за одработена општо корисна работа | 61 |
| 4. | За поднесување до комисија–чекаат законски рок | 28 |
| 5. | Наплатени глоби од 50 и 200 евра (во денарска противредност) – ( 3x200, 75x50) | 78 |

## 3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР НАД ВРШЕЊЕТО НА РАБОТИТЕ ОД ДРУГИТЕ НАДЛЕЖНОСТИ НА ОПШТИНАТА

### 3.1 ИНСПЕКЦИЈА ЗА ДАНОК НА ИМОТ

Овластениот инспектор за данок на имот во текот на 2015 година, вршеше контрола и надзор на непријавен имот кај правни и физички лица (станбени објекти, деловни простории и

објекти, административни простории и објекти) за годишниот данок на имот, согласно Законот за даноци на имот

Вршењето на контролата и надзор согласно законските прописи од областа на данокот на имот се дадени табеларно:

| Овластен инспектор за данок на имот | | |
|---|---|---|
| **Ред. број** | **Име на акт** | **Број на акти** |
| **1** | **2** | **3** |
| 1. | Записник за извршен инспекциски надзор | 40 |
| 2 | Заклучок за запирање на постапка | 40 |

Ваквата констатирана ситуација од страна на овластениот инспектор за данок, е пријавена во одделението за даноци при Општина Карпош, за превземање на понатаношни надлежности од нивна страна.

Со реализација на Програмата за работа на инспекцијата за данок на имот, ќе се обезбеди превземање на мерки за спроведување на Законот за зголемување на бројот на даночните обврзници, а со тоа и зголемување на приходите на Општина Карпош.

**Број: 09-89/4**
**Датум: 05.01.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош за новородено и посвоено дете – жител на Општина Карпош за 2016 година**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош за новородено и посвоено дете-жител на Општина Карпош за 2016 година, донесена на четириесет и четврттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 јануари 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-138/4**
**Датум: 08.01.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.05/2002) и дел II Проектни активности, точка 15. Парична помош за новороденче и посвоено дете од лица/семејства во социјален ризик од Програмата за активностите на Општина Карпош во областа на детска, социјална и здравствена заштита за 2016 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.15/2015), Советот на Општина Карпош, на четириесет и четвртатта седница, одржана на 05 јануари 2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош за новородено и посвоено дете – жител на Општина Карпош за 2016 година**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за утврдување на критериуми за доделување на еднократна парична помош за новородено и посвоено дете-жител на Општина Карпош за 2016 година бр.08-9795/6, донесена на четириесет и треттата седница на Советот на Општина Карпош-прв дел, одржана на 30.12.2015 година, на начин што:

Во текстот на одлуката зборот „новороденчето“ се брише и заменува со зборот „новороденото“.
Во текстот на одлуката по секој збор „новородено“, се додаваат знакот и зборовите „/посвоеното дете“.

**Член 2**

Во точка 1 од одлуката, во делот – „Потребни документи кои треба да ги достават родителите на новороденото дете“, се менува алинејата 1 на начин што по зборот новороденче се додаваат следните зборови:
„ –образец изготвен од Општина Карпош, кој покрај другите податоци ќе содржи Изјава за веродостојност на приложените податоци дадена од подносителот на барањето“

**Член 3**

Во точка 2, поднаслов 2 од одлуката – „Потребно е родителите да исполнуваат еден од наведените критериуми“, се додава алинеја 3 која гласи:
„-Родителите/родителот/семејството да с/се корисници на социјална парична помош или родителите да имаат вкупен месечен приход до 33.000,00 денари или ако еден од родителите е невработен да достави потврда од Агенцијата за вранотување на Република македонија или друг документ со кој ќе потврди дека е невработен“

**Член 4**

Се задолжува секторот за правни работи да изготви пречистен текст на Одлуката за утврдување критериуми за доделување на едократна парична помош за новородено/посвоено дете – жител на Општина Карпош, бр.08-9795/6 од 30.12.2015 година и на оваа одлука.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-89/5**
**Датум: 05.01.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за обезбедување на бесплатен паркинг простор за станарите на зградите на улица „Љубљанска“ бр.1, улица „Волгоградска“ бр.1 и улица „Волгоградска“ бр.2, општина Карпош, на паркинг просторот на трговскиот центар Скопје Сити Мол**

1. Се објавува Одлуката за обезбедување на бесплатен паркинг простор за станарите на зградите на улица „Љубљанска“ бр.1, улица „Волгоградска“ бр.1 и улица „Волгоградска“ бр.2, општина Карпош, на паркинг просторот на трговскиот центар Скопје Сити Мол, донесена на четириесет и четврттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 јануари 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-138/5**
**Датум: 08.01.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на четириесет и четврттата седница, одржана на 05 јануари 2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за обезбедување на бесплатен паркинг простор за станарите на зградите на улица „Љубљанска“ бр.1, улица „Волгоградска“ бр.1 и улица „Волгоградска“ бр.2 општина Карпош, на паркинг просторот на трговскиот центар Скопје Сити Мол**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за обезбедување на бесплатен паркинг простор во 2016 година, за станарите на зградите на улица „Љубљанска“ бр.1, улица „Волгоградска“ бр.1 и улица „Волгоградска“ бр.2, општина Карпош, на паркинг просторот на трговскиот центар Скопје Сити Мол.

**Член 2**

Средствата за учество на Општина Карпош за обезбедување на бесплатен паркинг простор од член 1 на оваа одлука се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

Општина Карпош ќе обезбеди 1 (едно) бесплатно паркинг место за секој стан од колективните станбени објекти наведени во членот 1 од оваа одлука, врз основа на спроведена постапка, по предходно утврдени критерими.

**Член 4**

Станарите кои се сопственици на стан во наведените колективни објекти во оваа одлука и имаат потреба од бесплатно паркинг место, во рок што ќе го определи општината, потребно е да достават до општина Карпош:

1. Лична карта на сопственикот на станот, во фотокопија,
2. Имотен лист за станот како доказ за сопственост, во фотокопија и
3. Сообраќајна дозвола за возилото кое ќе биде паркирано на бесплатното паркинг место, во фотокопија

**Член 5**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 01.02.2016 година.

**Број: 09-89/6**
**Датум: 05.01.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош за заменување на кровните покривачи од азбест цементни табли со пластифициран ребраст лим на колективни станбени згради и на индивидуални станбени објекти на подрачјето на Општина Карпош**

1. Се објавува Одлуката за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош за заменување на кровните покривачи од азбест цементни табли со пластифициран ребраст лим на колективни станбени згради и на индивидуални станбени објекти на подрачјето на Општина Карпош, донесена на четириесет и четврттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 јануари 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-138/6**
**Датум: 08.01.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/02), а во врска со Програмата за урбано планирање на Општина Карпош за 2016 година, точка 2 .Ф. 20 Потпрограма за уредување на градежно земјиште (тековно – оперативни трошоци) од Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Карпош за 2016 година („Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 15/2015), Советот на Општина Карпош, на четириесет и четврттата седница, одржана на 05 јануари 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош за заменување на кровните покривачи од азбест цементни табли со пластифициран ребраст лим на колективни станбени згради и на индивидуални станбени објекти на подрачјето на Општина Карпош**

**Член 1**

Со оваа одлука се одобруваат финансиски средства за учество на Општина Карпош за заменување на кровните покривачи од азбест цементните табли со пластифициран ребраст лим на колективните станбени згради и индивидуални станбени објекти на подрачјето на Општина Карпош.

**Член 2**

Средствата за учество на Општина Карпош за заменување на кровните покривачи од член 1 на оваа одлука, во износ од 8.900.000,00 денари, се обезбедени во Буџетот на Општина Карпош за 2016 година, Програма за урбано планирање на Општина Карпош за 2016 година, Потпрограма за уредување на градежно земјиште Ф-20, ставка 481 – градежни објекти , потставка – 481 130 – реконструкција на станбени објекти, а според Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Оштина Карпош за 2016 година.

**Член 3**

Со средствата утврдени во член 2 од оваа одлука, Општина Карпош за колективните станбени згради ќе обезбеди ребраст пластифициран лим со д=0,55мм за целата покривна површина, комплет шрафови со капи и гумици, дрвени штафни за зајакнување на постоечката покривна конструкција и ПВЦ фолија за парни брани, а за индивидуалните станбени објекти- ребрест пластифициран лим со д=0,55мм за целата кровна конструкција и комплет штрафови со капи и гумици, согласно прописите за јавните набавки.

**Член 4**

Право на учество на јавен повик имаат сите заинтересирани заедници на сопственици на станови на колективни станбени згради од подрачјето на Општина Карпош и тоа:

За колективни станбени објекти кои имаат кос кров:

- Сопствениците на станови да имаат регистрирано заедница на сопственици или да имаат избрано управител на станбена зграда
- Писмена согласност од Заедницата на станари со која станарите ќе се изјаснат дека се подготвени да ги покријат трошоците за работна рака за замената на кровниот покривач

За колективни станбени објекти кои имаат рамен кров:

- Заедницата на станари да изработи проект за кровот и да обезбеди Одобрение за градење. Проектот да е ревидиран
- Кровната конструкција ја финансира заедницата на станари заедно со изолацијата

**Член 5**

Изборот на пријавените објекти ќе се изврши врз основа на бодирање според следните критериуми:

1. **За колективни станбени згради**

- Година на старост на објектот

За секоја година на старост на објектот – 1 бод

- Број на станови

За секој стан се добива – 1 бод

- Состојба на кровната конструкција (степен на прокиснување)

Комисијата од увид на лице место ќе ја утврди состојбата на кровната конструкција – од 5 бода до 20 бода

- Писмена согласност од Заедницата на станари со која станарите ќе се изјаснат дека се подготвени да ги покријат трошоците за работна рака за замената на кровниот покривач.

2. **За индивидуални станбени објекти**

-Број на членови во семејството (деца до 18 години - 2 бода, семејство само пензионери – 2 бода и останати членови на семејство - 1 бод),

-Материјална состојба на семејството (со приход до 20,000.00 денари – 1 бод, со приход до 15,000.00 денари – 1,5 бод и со приход до 10,000.00 денари – 2 бода)и

- Писмена согласност од сопствениците на индивидуалните станбени објекти дека ќе ги покријат трошоците за работна рака за замена на кровниот покривач а исто така дека на свој трошок ќе поставаат кровна термо изолација.

**Член 6**

Заинтересираните заедници на сопственици на станови во колективни станбени згради поднесуваат пријава на пропишан образец кој можат да го подигнат во барака 2 на ул.Радика (во рамките на ООУ „Лазо Трповски“), Општина Карпош.

Кон пријавата се доставува следната документација:

- Доказ за старост на зградата (копија од Одобрение за градба, копија од Договор за купопродажба на стан или сл)
- Писмена согласност заверена на нотар од Заедницата на станари со која станарите ќе се изјаснат дека се подготвени да ги покријат трошоците за работна рака за замена на кровниот покривач
- За колективни станбени згради кои имаат рамен кров да се достави Основен проект, Ревизија на проектот и Одобрение за градба во 1 примерок

**Член 7**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Карпош да ја спроведе оваа одлука.

**Член 8**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 09-89/7**
**Датум: 05.01.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 646/78 КО-Долно Водно во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 646/78 КО-Долно Водно во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на четириесет и четврттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 јануари 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-138/7**
**Датум: 08.01.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15), Советот на Општина Карпош, на четириесет и четврттата седница, одржана на 05 јануари 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 646/78 КО-Долно Водно во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-3102 од 01.08.2011 година, на Моме Петковски од Скопје, ул. „Ловќенска 4“ бр. 45, за објект на КП бр. 646/78 КО-Долно Водно, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-89/8**
**Датум: 05.01.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 95/1 КО-Бардовци во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 95/1 КО-Бардовци во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на четириесет и четврттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 јануари 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-138/8**
**Датум: 08.01.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15), Советот на Општина Карпош, на четириесет и четврттата седница, одржана на 05 јануари 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 95/1 КО-Бардовци во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-5805 од 25.08.2011 година, на Тихо Русовски од Скопје, ул. „Разловечко Востание“ бр. 10/4-12, за објект на КП бр. 95/1 КО-Бардовци, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-89/9**
**Датум: 05.01.2016 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ
**за објавување на Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 1625 КО-Нерези во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

1. Се објавува Одлуката за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 1625 КО-Нерези во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, донесена на четириесет и четврттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 јануари 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-138/9**
**Датум: 08.01.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02) и член 2, став 1, алинеја 5 од Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко-планска документација („Службен весник на Република Македонија“ бр. 56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15), Советот на Општина Карпош, на четириесет и четврттата седница, одржана на 05 јануари 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 1625 КО-Нерези во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето**

**Член 1**

За поднесеното барање за утврдување на правен статус на бесправен објект евидентиран во регистарот на поднесени барања за утврдување на правен статус на бесправни објекти во Општина Карпош УП1 бр.35-2361 од 13.07.2011 година, на Афродита Сурои од Скопје, ул. „Павле Илиќ“ бр. 33-7, за објект на КП бр. 1625 КО-Нерези, МВ „Бабин Дол“, Советот на Општина Карпош констатира дека може да се изврши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето и да се изврши вклопување на бесправниот објект согласно одредбите на Правилникот за стандарди за вклопување на бесправни објекти во урбанистичко- планска документација („Службен весник на Република Македонија” бр.56/11, 162/12, 95/13, 109/14, 64/15 и 217/15).

**Член 2**

Со цел вклопување на објектот од член 1 на оваа одлука, ќе се изработи и донесе урбанистичко-планска документација.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број: 09-89/10**
**Датум: 05.01.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

## РЕШЕНИЕ

**за објавување на Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за реализација на проектот „Изградба на општинска детска градинка по принципите на енергетска ефикасност, во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски“,село Бардовци**

1. Се објавува Одлуката за изменување и дополнување на Одлуката за реализација на проектот „Изградба на општинска детска градинка по принципите на енергетска ефикасност, во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски“,село Бардовци, донесена на четириесет и четврттата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 јануари 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-138/10**
**Датум: 08.01.2016 година**
**Скопје**

ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош, на четириесет и четврттата седница, одржана на 05 јануари 2016 година, донесе

**О Д Л У К А**
**за изменување и дополнување на Одлуката за реализација на проектот „Изградба на општинска детска градинка по принципите на енергетска ефикасност, во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски“,село Бардовци**

**Член 1**

Со оваа одлука се врши изменување и дополнување на Одлуката за реализација на проектот „Изградба на општинска детска градинка по принципите на енергетска ефикасност, во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски“, село Бардовци бр. 08-2461/4 од 31.03.2015 година, донесена на триесет и треттата седница на Советот на Општина Карпош, на слениот начин:

Во членот 2, став 1 по зборот „изнесува“ се бришат бројките и зборовите „15.100.000,00 денари или 245.528 евра, без пресметан ДДВ и на нивно место се запишуваат зборовите: „28.738.833,22 денари со пресметан ДДВ.

По измената и дополнувањето членот 2, став 1 гласи:
„Согласно техничката документација, проценеттата вредност на проектот изнесува 28.738.833,22 денари со пресметан ДДВ“.

Во членот 2, став 2 по зборовите „Буџетот на општина Карпош за“ се брише бројката „2015“ и на нејзино место се запишува бројката „2016“.

По измената и дополнувањето членот 2, став 2 гласи:

„Финанисрањето на проектот ќе биде обезбедено со ИПА алокацијата за општина Карпош, во вредност од 7.380.000,00 денари или 120.000 евра без пресметан ДДВ, додека преостанатите средства за целосно затворање на финансиската конструкција на проектот ќе бидат обезбедени од Буџетот на општина Карпош за 2016 година од Програмата ВА социјална заштита и заштита на деца (капитални расходи).

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“

**Број: 09-89/11**
**Датум: 05.01.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), а во врска со член 75, став 1 од Статутот на Општина Карпош-Пречистен текст („Службен гласник на Општина Карпош“ бр.13/2015), Градоначалникот на Општина Карпош, донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлуката за набавување на ново патничко моторно возило**

1. Се објавува Одлуката за набавување на ново патничко моторно возило, донесена на четириесет и четвртата седница на Советот на Општина Карпош, одржана на 05 јануари 2016 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Карпош“.

**Број: 11-138/11**
**Датум: 08.01.2016 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски, с.р.**

Врз основа на член 36, став 1, точка 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија “ бр.5/2002), Советот на Општина Карпош на четириесет и четврттата седница, одржана на 05 јануари 2016 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за набавување на ново патничко моторно возило**

**Член 1**
За потребите на Општина Карпош се одобрува набавување на:
- 1 (едно) ново патничко моторно возило

**Член 2**
Средствата потребни за оваа набавка од член 1 на оваа одлука се планирани во Буџетот на Општина Карпош за 2016 година.

**Член 3**
Постапката за набавката на моторното возило од член 1 на оваа одлука ќе ја спроведе Комисијата за јавни набавки, формирана од Градоначалникот на Општина Карпош, во согласност со закон.

**Член 4**
Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош.“

**Број: 09-89/12**
**Датум: 05.01.2016 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**м-р Сашо Лазаровски, с.р.**

**С О Д Р Ж И Н А**

1. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 05, опфат помеѓу бул. Илинден, бул. 8-ми Септември, бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Блок 1, Блок 5 и Блок 8, Општина Карпош - Скопје, со Решение за објава,
2. Одлука за донесување на Детален урбанистички план за Градска четврт З 06, опфат помеѓу бул.”Партизански Одреди”, ул. “Московска”, бул. ”Македонија” и бул. “8-ми Септември”, Општина Карпош-Скопје, со Решение за објава,
3. Извештај за активностите на секторот инспекторат на Општина Карпош за 2015 година, со Решение за објава,
4. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за утврдување критериуми за доделување на еднократна парична помош за новородено и посвоено дете-жител на Општина Карпош за 2016 година, со Решенеи за објава,
5. Одлука за обезбедување на бесплатен паркинг простор за станарите на зградите на улица „Љубљанска“ бр.1, улица „Волгоградска“ бр.1 и улица „Волгоградска“ бр.2, општина Карпош, на паркинг просторот на трговскиот центар Скопје Сити Мол, со Решение за објава,
6. Одлука за одобрување на финансиски средства за учество на Општина Карпош за заменување на кровните покривачи од азбест цементни табли со пластифициран ребраст лим на колективни станбени згради и на индивидуални станбени објекти на подрачјето на Општина Карпош, со Решение за објава,
7. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 646/78 КО-Долно Водно во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, со Решение за објава,
8. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 95/1 КО-Бардовци во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, со Решение за објава,
9. Одлука за утврдување на вклопување на бесправен објект, изграден на КП.бр. 1625 КО-Нерези во урбанистичко-планска документација со која се врши усогласување на намената на бесправниот објект со намената на земјиштето, со Решение за објава,
10. Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за реализација на проектот „Изградба на општинска детска градинка по принципите на енергетска ефикасност, во рамките на училишниот двор во ООУ „Аврам Писевски“,село Бардовци, со Решение за објава и
11. Одлука за набавување на ново патничко моторно возило, со Решение за објава.

**Издавач: Општина Карпош**
**Уредува: Сектор за правни работи**
**Адреса: ул.Радика бр.9, бараки бр.1 и бр.2**
**Тираж: 25 примероци**